

# ГАРСКИ



ТАНЕ АТАНАСОВСКИ – ГАРСКИ

Роден во село Гари на 24 мај 1938 год. Завршил Школа за применета уметност во Скопје 1958 г. во класата на Лазар Личеноски, Педагошка Академија 1964 во класата на Вангел Коџоман и Филозофски факултет група Историја на уметност со Археологија во Скопје 1977 г.

Студиски патувања имал во Италија, Грција и Германија.

Член е на ДЛУК, ДЛУМ и на Друштвото на Историчарите на уметноста на СРМ. Работи како ВИШ КУСТОС во Уметничката Галерија – Куманово.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:
1962, 1964, 1966, 1969, 1973, 1978, 1983, 1988 во Куманово, 1970 во Пула и Битола, 1972 во Скопје, Лесковац и Врање. 1973 во Скопје. 1974 во Пазин. 1979 во Крушевац и Вараждин. 1980 во Штип и Струмица. 1981 во Лесковац и Врање. 1982 во Битола, Струга, Охрид и Скопје. 1983 во Тетово. 1986 во Крагуевац. 1988 во Загорје об Сави, Битола и Штип.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:
– Од 1958 г. на сите ИЗЛОЖБИ на ДЛУК. Од 1968 г. на сите ИЗЛОЖБИ на ДЛУМ организирани во Скопје. – 1973 г. Ријека „Биенале на младите". 1974 Нови Сад „12 Македонски сликари". – Учествувал повеќе пати на ИЗЛОЖБАТА „ЦРТЕЖ – ДЛУМ" како и на изложбите од ЛИКОВНИТЕ КОЛОНИИ: ПРОХОР ПЧИНСКИ, КОПАШНИЦА, ДЕЛИБЛАТСКИ ПЕСОК, МЕЃУНАРОДНАТА СТРУМИЧКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА, ИЗЛАКЕ, ЉУТОМЕР, БЕЛЧИШТЕ, ПАЗИН и др. колонии и групни претставувања.

НАГРАДИ:
1969 Ноемвриска за сликарство на град Куманово. 1970, 1972 и 1976 г. ГОДИШНИ НАГРАДИ НА ДЛУК. – 1974 Признание за формирање и работа на ДЛУК и ПРИЗНАНИЕ за ОСНОВОПОЛОЖНИК НА СЛИКАРСКАТА КОЛОНИЈА „ПРОХОР ПЧИНСКИ". – 1983 г. ПРИЗНАНИЕ ЗА ОСНОВОПОЛОЖНИК НА УМЕТНИЧКАТА КОЛОНИЈА „БЕЛЧИШТЕ".

адреса:
Киро Антевски 8 Куманово
тел.: 0901 22419

Таа година при составувањето на листата на учесниците во IX Меѓународна струмичка ликовна колонија, Советот на колонијата го набележа и името на македонскиот ликовен уметник Тане Атанасовски – Гарски уметник кој веќе беше тргнал со сигурни чекори во непрегледното, широко и недоловливо поле на ликовната култура. Неговите ИЗЛОЖБИ го беа свртеле вниманието на ликовната уметност, поготово на стручната критика. Тоа беше доволен мотив тој да биде одбран заедно со другите афирмирани ликовни творци, да учествува во работата на IX Меѓународна струмичка ликовна колонија.

... Августовско претпладне на 1972-та. Уште од раните утрински часови сонцето немилосрдно го заплискуваше градот со жестина, а бетонот на автобуската станица ги тераше минувачите и патниците што поскоро се одалечат од овој вжештен пекол.

Меѓу патниците на што туку пристигнатиот автобус со поглед пребарував да го пронајдам Гарски. Не го познавав или поточно го запознав преку извонредните рецензии на стручната критика за неговите изложби. Очекував да здогледам брадлесто лице и необична облека. Меѓу препотените патници немаше таква физиономија. Наеднаш пред мене застана човек со очила и широка насмевка. Се поздравивме срдечно, како да се познаваме со години. Таква беше првата средба со извонредниот ликовен уметник и благороден човек Тане Атанасовски – Гарски.

Тоа беше во далечната 1972 година. Беше прва средба на Струмица со Гарски. Оттогаш таа необична силна врска и взаемна љубов од година во година се продлабочуваше и стануваше силна како непходност во заедничкото живеење.

Меѓународната струмичка ликовна колонија е позната со својата творечка атмосфера и се вбројува како една од најработните колонии во земјата. Во неа во изминатите 27 години престојувале и создавале многу ликовни творци од земјата и светот. Работеле креатори со неисцрпни енергии, но малобројни се оние со таква енергија, незаситно љубопитство, интерес и творечки немир, со какви почна да работи Гарски.

Одеше на секаде, но најповеќе по кривите сокачиња на стара Струмица во потрага по остатоците од старата архитектура. Станува од рани зори да го „улови" пејсажот и мотивот. И од оваа потрага по она што неумоливо исчезнуваше пред нашите очи пред забот на времето и нашата индолентност и негрижа, никнаа дваесетина прекрасни уметнички слики инспирирани од старата струмичка архитектура со опоменувачка порака за безмилосниот од на времето и нашиот мазохизистички однос кон сопствените корени.

Веќе 20 години Струмица и Гарски се во едно несекојдневно дружење и близок однос, таа го дочекуваше неговото сликарство со радост и трепет, а се радуваше на секој негов успех топло и искрено. А тој возвраќаше со љубов како кон сопственото родно место, кон средина која засекогаш го прифатила и му ја дарувала својата наклоност. Благодарејќи на неговото залагање Струмица и Куманово воспоставија широк мост на зближување и разбирање во кои културните и уметничките содржини се раѓаат и создаваат во овие два града, како стремеж кон едно похумано и посодржинско живеење и траење.

Уметноста на Гарски стигнува во Уметничката галерија во Струмица со сета творечка силина. Творецот ни се претставува истовремено со три ИЗЛОЖБЕНИ ПОСТАВКИ комплетно со дела од својот најнов опус. Немирно безсоно патување до нашите срца.

За многу години ни добредојде Гарски!

Љупчо Апостолов

I. ИЗЛОЖБЕН САЛОН НА ГАЛЕРИЈАТА
– слики масло на платно –

1. РАЃАЊЕ НА ДЕНОТ 1991, 90x75 см.
2. ПОБЕДА НА СВЕТИТЕ 1991, 90x75 см.
3. ПРОБИВ 1991, 90x75 см.
4. БРАНУВАЊЕ 1990, 130x98 см.
5. ТРАГИ 1990, 130x98 см.
6. ГАРЕКА I 1990, 130x98 см.
7. ГАРЕКА II 1990, 130x98 см.
8. ИГРА ВО ЦРВЕНО 1990, 80x100 см.
9. ГАРЕКА III 1990, 100x81 см.
10. ДВИЖЕЊЕ 1990, 100x81 см.
11. ПРОДИРАЊЕ 1990, 100x81 см.
12. ИЗГРЕВ 1990, 100x81 см.
13. ПАТУВАЊЕ НА СВЕТИТЕ 1990, 73x60 см.
14. НЕВРЕМЕ III 1990, 73x60 см.
15. РАЃАЊЕ НА ГАРЕКА 1990, 73x60 см.
16. СВЕТИ ЗАПИС 1990, 73x60 см.
17. ДОАЃАЊЕ НА СВЕТИТЕ 1990, 73x60 см.
18. ТОПЛИНА 1990, 73x60 см.
19. АСОЦИЈАЦИЈА I 1988, 130x98 см.
20. ЧУДЕН СПЛАВ 1988, 130x98 см.
21. НЕВРЕМЕ I 1988, 100x80 см.
22. НЕВРЕМЕ II 1988, 100x80 см.
23. РАЗИГРАНОСТ 1988, 100x81 см.
24. ПУКНАТИНИ НА ДЕНОТ 1988, 100x81 см.
25. ПРОДОР 1988, 100x81 см.
26. ПРЕСЕК 1988, 100x81 см.
27. ВИДУВАЊЕ ВО ПРОЛЕТ 1988, 100x81 см.
28. АСОЦИЈАЦИЈА II 1988, 100x81 см.
29. САКАНИОТ ПРЕДЕЛ I 1988, 73x60 см.
30. САКАНИОТ ПРЕДЕЛ II 1988, 73x60 см.



II. ПРОДАЈНИ САЛОН НА ГАЛЕРИЈАТА
– цртежи од циклусот ГАРЕКА –

16 цртежа 40x60 см. 1990 г.
10 цртежа 50x70 см. 1990 г.
2 цртежа 58x70 см. 1990 г.

III. ИЗЛОЖБА ВО РЕСТОРАНОТ ЗА ЉУБИТЕЛИТЕ НА УМЕТНОСТА „ЕСЕЊИН"

20 СЛИКИ МОТИВИ ОД СТАРА СТРУМИЦА
сите масло на платно 65x85 см.



УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА – СТРУМИЦА
16 – 26 МАРТ 1991 г.

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН: Љупчо Апостолов
ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБИТЕ: Бранислав Пепиќ
КОЛОР ДИЈАПОЗИТИВИ: Марин Димески
ПЕЧАТНИЦА „ПРОСВЕТА" – КУМАНОВО
ТИРАЖ: 500 ком.

